# БАНКОМАТ

Во соработка со

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Здраво, деца! Научивме што е платежна картичка, а сега да видиме како можеме да ја користиме платежната картичка и дали можеме да ја употребуваме на банкомат.**




## Што е банкомат?

Поимот банкомат ги означува зборовите банка + автомат, односно автоматска банка. На англиски јазик банкомат е automated teller machine (ATM). Тоа значи дека преку банкоматот е овозможена банкарска услуга без присуство на човек. Основната функција на банкоматот е луѓето да вадат (повлекуваат) готови пари. За да се користат овие услуги, потребно е да се поседува платежна картичка и да се има средства на имателот на картичката.

## Каде и кога можеме да користиме банкомат?

Најчесто банкоматите се поставени на места каде што има голема раздвиженост на луѓе, пр. во супермаркети, менувачници, трговски центри и слично. Банкоматите се достапни 24 часа дневно. А освен за подигнување пари во готово, новите банкомати може да служат и за плаќање сметки, печатење извештаи, размена на валути и други операции.

## Како се користи платежна картичка на банкомат?






Едноставно, се става платежната картичка на посебно место во банкоматот и со внесување на лозинка (ПИН) се пристапува до податоците на сметката. Лозинката е добиена од банката и само корисникот ја знае таа лозинка. Картичката содржи повеќе елементи што ги препознава банкоматот, како што се „смарт“ чипот и магнетната лента. Кога ги препознава, банкоматот ја покажува состојбата на сметката на корисникот и тој може да ги користи услугите на банкоматот.

Во следниот број ќе зборуваме малку повеќе за „Глобалната недела на пари“ и нашите активности, а дотогаш ги известуваме сите заинтересирани основни училишта да нè побараат на тел. број 02/3108-400 доколку сакаат стручни лица од Народната банка да ги посетат училиштата и да одржат еден интерактивен час.